Република Северна Македонија
Национална установа
СПОМЕН КУЌА НА
ТОДОР ПРОЕСКИ
Бр. 02 - 24/11
22.05 20 26 год.
КРУШЕВО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIC MACEDONIA
НУ СПОМЕН КУЌА НА „ТОДОР ПРОЕСКИ“ КРУШЕВО

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
СПОМЕН КУЌА
ТОДОР ПРОЕСКИ
КРУШЕВО

ул. Никола Карев бб 7550 Крушево , тел. 048/477-888, е–маил: spomenkuka_tose@yahoo.com

Врз основа на член 35 и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), вд директорот на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево, на ден 22/05/2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас бр. 231/2026 година

1. За извршител на работното место Соработник сметководител, со шифра КУЛ 0102В03007, во одделението за административни службеници по јавен оглас бр. 231/2026 се избира кандидатот со идентификациски код 837ЕА05, Елена Христоска.
2. Именуваниот кандидат по конечноста на оваа Одлука ќе заснова работен однос на работното место од точка 1 и врз основа на оваа Одлука ќе се донесе Решение за вработување или ќе се потпише Договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Во врска со објавениот јавен оглас бр. 231/2026 објавен на ден 08/04/2026 година на веб страницата на Агенцијата за администарција и во дневните весници: „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ за пополнување на работно место преку спроведување на постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Решение бр. 10-926/5 од 15/04/2026 година и на ден 24.04.2026 година, изврши административна селекција и констатира дека за огласеното место под реден број 1 уредно се пријавени 10 (десет) кандидати (Записник бр. 10-926/6 од 24/04/2026 година). При тоа Агенцијата со Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавниот оглас број 10-926/7 од04/05/2026 година изврши измени и дополнување на комисијата за селекција за вработување. На ден 06/05/2026 година во просториите на Агенцијата за администарција се спроведе испит за администартивен службеник (Записник бр. 10-926/9 од 06/05/2026 година), а на ден 11/05/2026 се изврши проверка на веродостојност на докази и се спроведе инетрвју за административен службеник (Записник бр. 10-926/10 од 11/05/2026 година).
Врз основа на резултатите на сите фази на селелкција, се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 231/2026 под бр. 10-926/12 од 12/05/2026 година и истот беше доставен до вд директорот на НУ Спомен куќа на Тодор Проески Крушево.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивит на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволен кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката да на веб страницата и огласна табла на Агенцијата за администрација.

Д-но до:
-Агенцијата за администрација
-Архивата;
- Кандидатот;
-Огласна табла и
-Веб страната

**НУ Спомен куќа „Тодор Проески“ Крушево**
**вд Директор**
**Зоран Николовски**